# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА СО НАСЛОВ „ОПТОМЕТРИЈА 1 И ОПТОМЕТРИЈА 2" ОД ДОЦ. Д-Р КАРОЛИНА БЛАЖЕВСКА-БУЖАРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единственит е основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-71/19 од 29.3.2016 г., на редовната 158. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 29.3.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Невенка Лабан-Гучева, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
– проф. д-р Зденка Стојановска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај/рецензија на ракописот за издавање на скрипта со наслов „Оптометрија 1 и Оптометрија 2" од **доц. Каролина Блажевска Бужаровска**. Ракописот е наменет за студентите на студиската програма Оптометрија и очна оптика - прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Понудениот ракопис од доц. Каролина Блажевска-Бужаровска со наслов „Оптометрија 1 и Оптометрија 2" е скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Скриптата се однесува за предметите Оптометрија 1 и Оптометрија 2, кои ги изучуваат студентите на студиската програма Оптометрија и очна оптика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во четврти и петти семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1. Приложениот ракопис на доц. д-р Каролина Блажевска-Бужаровска е во согласност со предметните програми.

**Податоци за обемот ракописот**

Ракописот на доц. Каролина Блажевска-Бужаровска според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензирана скрипта во електронска форма и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во својата содржина, на 104 страници, скриптата е поделена во 9 тематски поглавја.

Станува збор за скрипта што е изработена врз основа на предметна програма, во која се објаснети основните поглавја од оптометријата, што на студентите од насоката Оптометрија и очна оптика во голема мера ќе им го олесни совладувањето на материјата.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Ракописи со ист или сличен наслов досега не се објавени на македонски јазик.

**Краток опис на содржината на прирачникот**

На почеток е дадена содржината што ќе им ја олесни на студентите ориентацијата во понудениот материјал од скриптата.

Вовед. Разработени се основните принципи на рефракциските аномалии и начинот и методите со кои се извршува оптометрискиот преглед.

Астигматизам – Објаснети се основните принципи на астигматизмот, неговото настанување, поделба, начин на дијагностицирње, принципи на преглед и коригирање на пациентот, видовите на астигматизам и специфики на негова корекција.

Хиперметропија – Објаснети се основните принципи на рефракциската аномалија хиперметропија, начин на дијагностицирање, принципи на преглед и коригирање.

Презбиопија – Во оваа тема се обработува најчестата рефракциона аномалија пребиопијата и начини на нејзиното коригирање.

Астенопија – Субјективните пречки кај пациентите што ги предизвикува астенопијата, нејзината поделба и начините на третман.

Оптички помагала – Сублимирана е примената на најприменуваните помагала за намален вид т.е. очила и контактни леки, нивните предности и недостатоци.

Акомодација – Во темата се објаснети причините за нејзиното настанување и проблемите што таа ги предизвикува.

Амблиопија – Објаснети се причините за нејзиното настанување, поделбата, проблемите што таа ги предизвикува, како и третманот кој е особено важен поради несаканите последици до кои таа доведува.

Миопија – Објаснета е миопијата како честа рефрактивна грешка, видовите на миопија, нејзиното коригирање, како и компликациите до кои таа може да доведе.

## ЗАКЛУЧОК

При презентирањето на материјата, авторката на овој труд применува современи начела и принципи, како од методски така и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, јасно и сосема прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримаат и да ја разберат рефракцијата и нејзината корекција како основа во работата во оптометријата. Секако, таа е еднакво корисна и за веќе дипломираните студенти, како и за останатите студенти кои го изучуваат овој предмет.

Од сето што е погоре предочено може да се заклучи дека скриптата ги задоволува основните критериуми. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој ракопис за објавување како скрипта во библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Невенка Лабан-Гучева, с.р.**
**Проф. д-р Зденка Стојановска, с.р.**